ПРОМОЦИЈА НА НОВА ПЕСНА НА ПОП-ПЕЈАЧКАТА

# Елена Петреска се врати со "Ајде врати се"



*Елена на промоцијата со колешката од МОБ Ана Мицковска и со поп-пејачката Верица Пандиловска*

"Ајде врати се" е песната со која поп-пејачката Елена Петреска се врати на музичката сцена. Елена завчера одржа промоција на новите песна и спот во Скопје, кои и се прв работен ангажман откако го роди синот Михаел.

"Оваа песна е во денс-хаус стил, и се надевам дека ќе стане летен хит во кој сите ќе уживате", рече Елена. На промоцијата дојдоа колеги на поп-пејачката од естрадата и колеги од Хорот на Македонската опера и балет каде што Петреска работи неколку години.

Автор на музиката и на аранжманот за "Ајде врати се" е Јован Јованов, а текстот го напиша Елвир Мекиќ. Спотот е сниман на Градска плажа, во соработка со "Фабрика продукција". Во видеото главен машки лик е стилистот Даниел Николовски, а гостуваат пријателот и соработник на Елена диџеј Мац и модели од модното студио "Црнокрак". **(М.Ц.)**

# Даниел Кајмакоски снима кај Дарко Димитров



*За песната "Децении" ќе се снима и српска верзија.- Даниел Кајмакоски*

"Децении" ќе се вика новиот сингл на Даниел Кајмакоски, кој во моментов се подготвува во студиото на Дарко Димитров.

За новиот сингл на македонскиот евровизиски претставник ќе има и српска верзија, чиј автор е Александра Милутиновиќ. Димитров и Милутиновиќ соработуваат долги години на песните на српските поп-пејачки Александра Радовиќ и Јелена Томашевиќ на нејзиниот нов албум. Двајцата се авторски тим и на новиот сингл на Елена Ристеска на српски јазик.

По учеството на "Евросонг" во Виена, Даниел најави кус одмор, па работа на нови песни, кои ќе бидат дел од неговиот прв албум. "Желба ми е, по промоцијата на албумот, да го одржам и мојот прв концерт во Македонија", изјави Кајмакоски. **(М.Ц.)**

# Манекените Мартин и Ана на избор за убавина во Бугарија

Манекените Мартин Данчев и Ана Трајковска утревечер ќе ја претставуваат Македонија на изборот за убавина "Мис и мистер гранд си јуниверс", кој ќе се одржи во Пловдив, Бугарија.

Македонските манекени во Бугарија заминаа во организација на модното студио "Црнокрак", чии членови се. Студиото ја има лиценцата за овој избор за Македонија.

"Во изминативе неколку денови бевме на подготовки во Софија. Има претставници од околу 30 земји, стекнав многу пријатели овде. Завчера имавме ревија на национални костими , а вчера ревија во бикини. Се надевам дека добро ќе се претставиме во финалето", ни изјави Мартин, кој е студент на Музичката академија во Скопје и наскоро ќе направи деби во поп-музиката. Тој на фестивалот "Сунчане скале" во Херцег Нови, Црна Гора, ќе настапи како член на новата машка група "4 филингс" со песната "Засекогаш" (Заувјек) од Григор Копров, Олгица Зравковска и од Владимир Дојчиновски. **(М.Ц.)**




*Подготвени сме за утрешното финале.- Мартин и Ана во Пловдив*

Innovate Strategic Partnership for European Higher Education

ISPEHE

Приватниот научен институт за бизнис економија (ИБЕ) и партнерските европски високообразовни институции, во рамките на проектот „Иновативностратешко партнерство за европско високо образование", поддржан од Еразмус+ програмата преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, започна со реализација на првата иновативна проектна компонента „Стратешко интегрирање на модели за учење" со цел да се креира Интегриранпилот модел за негување на иновативна култура и ефикасност во учењето. За таа цел, во Рига, Латвија (10-11 јуни)беше одржан првиот работен состанок за оваа компонентапри што беа дискутирани резултатите од досега спроведеното истражување и беа договорени идните активности.

Erasmus+

National Agency for European Educational Programmes and Mobility